Врз основа на Предлог Одлуката бр.0202/336 од 25.05.2023 година на Управниот одбор на Институтот и член 17 став 12 точка 20 од Законот за вршење сметководствени работи (Службен Весник бр.173 од 01.08.2022 година) Собранието на Институтот не сметкотководители и овластени сметководители на РСМ на редовната седница одржана на ден 15.04.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА**
**ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.0201-356 ОД 20.06.2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на насловот на ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.0201-356 ОД 20.06.2023 година на начин што после зборот “ОРГАНИТЕ” се додаваат зборовите “И НА КОМИСИИТЕ”, па во иднина насловот ќе гласи:

“Со оваа одлука се определува видот и висината надоместоците и патните трошоци на членовите на органите и на Комисиите на Институтот на сметководители и овластени сметководители. “

**Член 2**

Со оваа одлука се врши измена на член 2 од ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.0201-356 ОД 20.06.2023 година на начин што после зборовите “членови на Собрание” се додаваат зборовите “И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИИТЕ НА ИНСТИТУТОТ”, па во иднина член 2 ќе гласи:

„За време на мандатот на членовите на Собрание и на членовите на Комисиите на Институтот им СЕ УТВРДУВА право на паричен надоместок за тековната година во висина од 20% од просечна месечна месечна исплатена нето-плата по вработен во месец декември од претходна година објавена од Државниот завод за статистика, за секоја одржана седница.“

**Член 3**

Со оваа одлука се врши измена на член 5 од ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.0201-356 ОД 20.06.2023 година на начин што после зборовите “членови на органите” се додаваат зборовите “И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИИТЕ”, па во иднина член 5 ќе гласи:

„За време на мандатот на членовите на органите и на членовите на Комисиите на Институтот им се утврдува право на патни трошоци за доаѓање и враќање од седниците во

висина на 15% од цена на горивото што ја користи превозното средство за изминат километар од место на живеење наведено во лична карта.“

**Член 4**

Со оваа одлука се врши измена на член 6 од ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.0201-356 ОД 20.06.2023 година на начин што после зборовите “членови на органите” се додаваат зборовите “И ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИИТЕ”, па во иднина член 6 ќе гласи:

„Исплатата на парични надоместоци и патните трошоци на членовите на органите и членовите на Комисиите утврдени во член 2, 3 ,4 и 5 од оваа Одлука се врши еднаш месечно, од 1-ви до 15-ти во тековниот месец, за претходниот месец кога е одржана седницата.“

**Член 5**

Останатите одредби од ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.0201-356 ОД 20.06.2023 година остануваат непроменети.

**Претседавач на Собрание**
**Иван Стојанов**

Арх.бр. 0201-154
15.04.2024 година

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • ИСОС